РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 28.10.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 500/1 | | |

**Предлагач: Група на пратеници**

**До**
**Претседателот на Собранието**
**на Република Македонија**
**г.Трајко Вељаноски**

Врз основа на член 72 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија и член 45 од Деловникот на Собранието на Република Македонија,доставуваме

# И Н Т Е Р П Е Л А Ц И Ј А

**за работата на министерот за здравство Никола Тодоров**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Системските проблеми и целокупниот хаос во здравството резултира со трагични последици врз граѓаните, врз пациентите.

За само два дена, две трудници го загубија животот што е недозволиво да се случува во 21 век. Тоа најдиректно покажува дека здравствениот систем во Македонија не функционира.

Никола Тодоров мора да понесе одговорност за несоодветното и нестручно управување со здравствениот систем, со ресурсите, немањето стратегија за развој и хаосот што го создаде во здравтсвото кое го зема најскапиот данок, човечкиот живот.

Запрепастувачката е рамнодушноста и игнорантнскиот однос на Тодоров за последните трагични случувања во болниците низ Македонија покажува дека нема никаков морален капацитет.

Факт е дека Никола Тодоров воопшто и не требаше да биде поставен на позицијата министер за здравство. За време на неговото министерување македонското здравство го достигна дното.

Болниците низ државата одамна не го заслужуваат статусот на вистински заштитници на здравјето на граѓаните.

Нема доволен лекарски кадар, нема соодветна опрема, недостасува медицински материјал. Граѓаните се повеќе плаќаат а добиваат се помалку и се полоши услуги.

Лекарите го напуштаат јавното здравство и се повеќе заминуваат во странство. Македонија може да стане држава без доктори. Оние лекари што останале да работат во јавните здравствени институции се преоптеретени, слабо платени и оставени без основни услови за работа.

Гинекологијата е една од најзагрозените гранки каде што недостатокот од гинеколози е огромен, а условите за работа во болниците се катастрофални и несоодветни. Според достапните информации само 128 гинеколози има во јавното здравство низ цела Македонија.

Имликациите од таквата состојба се голема смртност на новородени, доенчиња, бремени жени и родилки. Бројките се поразителни. Македонија според Еуростат е на врвот на листата со починати новородени. Во 2013 година починале дури 229 доенчиња!

Тодоров треба да замине заради погрешните политики што ги присилија докторите да ја напуштаат Македонија во потрага на подостоинтвени услови за работа. Плаќањето по учинок е нерамноправна распределба на платите со влошување на меѓучовечките односи. Специјализациите се многу лошо испланирани.

Нема јасно дефиниран основен пакет на услуги за секое ниво на здравствена заштита за граѓаните.

Електронскиот систем „Мој термин“ создаде нови проблеми. Не само што не се намалија редиците за чекање во клиниките туку се зголемија. Не само што не се растерети терцијалното здравство, туку дополнително се внесе хаос.

Постојано има недостиг на контрасни средства за компјутерски снимања, хируршки материјал, клипси, недостигаат реагенси за иследувања за штитна жлезда, и на крај хоспитализирани пациенти си купуваат лекови, инфузии, антибиотици па дури и катетри.

Се уште трае инсулинската криза. Изгубена е довербата во системот за вакцинации зашто и овде основен критериум за набавка е најниска цена , а не квалитетот на вакцините.

Само кога станува збор за рекламите тогаш најважен критериум е квалитетот. Тоа е логиката на овој министер којшто мора да си замине.

Многу пари од буџетот се одлеваат за скапите реклами за повеќедетно семејство, ин витро оплодување, трето дете и најморбидната меѓу нив кампањата за абортус за која Тодоров потроши неверојатни 3 милиони евра. Овие пари ќе спасеа многу човечки животи, многу Тамари кои чекаат во долгите административни процедури за лекување во странство.

За здравството се издвојуваат се помалку средства од година во година, изразено во проценти од буџетот.

Во 2007 година се издвоиле 13,98 % за здравство од буџетот на РМ додека во 2014 год. 12,89%. И кога се прави споредба со буџетот на Фондот за здравствено осигурување со БДП овој тренд е исклучително неповолен. Во 2007 изнесувал 4,46% а во 2014 е 4,28%.

Уште еден параметар за денешното здравство е податокот за порастот на цените за здравје согласно трошоците за живот, кој во 2011 година бил 103,8. а 2013 год. 108,4.

Изразени по глава на жител вкупните трошоци во РМ за 2012 година се 835 долари и се најниски во однос на земјите од поранешна Југославија (Словенија 2.420 долари, Хрватска 1.410 долари, Србија 1.250 долари, Црна Гора 1.019 долари).

Заклучокот е дека оваа власт, на чело со Тодоров во здравството не вложува во здравјето на граѓаните. Денес македонското здравство го менаџира човек без совест, одговорност и хуманост.

Тодоров како извршител на политиките на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски е најодговорен за состојбите во здравството во Р. Македонија. Неговото име се поврзува со голем број небулозни т.н. реформи, испади и омаловажувања на докторите.

Немањето на вистински приоритети и концепт каде треба да се движи јавното здравство создадоа огромни долгови на ЈЗУ.

Поделбата на Клинички центар, воведувањето на двојни директори само дополнително ги влошија состојбите и ги зголемија долговите на ЈЗУ.

Секоја година овие долгови растат и на крај од јуни 2015 год. изнесуваат неверојатни 3.173.837.000 денари или 51.523.327 евра, а обврските на Јавните здравствени установи се 4 315 543 000 денари или во евра 70.057.515 .

Еве уште еден дел од погрешните политики во здравството на Владата на Груевски и Тодоров. Недовршен проект за електронска здравствена картичка. Првично замислена како проект кој ќе го плати државата за да на крај го платат

граѓаните. 8 милиони евра собрани од граѓаните за ова. И уште понатаму се отиде за секоја изгубена, блокирана пак се зема од граѓаните. Еден споменик од СКОПЈЕ 2014 и картичките за осигурениците ќе беа бесплатни.

Ова е само мал дел од суровата вистина за македонското здравсто. Мора да се прават коренити промени. Првата е да си оди Тодоров. ДОСТА Е.

Не може да се прават импровизации со најскапото нешто-човечкиот живот.

И не е само родилката од Гевгелија, пред два месеци беше родилка во Тетово, новороденче во Велес, Тамара, Анамарија и последно трудницата на Гинеколошката Клиника во Скопје. Тодоров конечно треба да си замине од оваа позиција зашто ова е последица на неговите погрешни политики.

# ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СДСМ, НСДП, ЛДП и ПДТ

| | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | Рената Дескоска | |
| 2. | Софија Куновска | |
| 3. | Стефан Богоев | |
| 4. | Лидија Димова | |
| 5. | Петре Шилегов | |
| 6. | Љубиша Николиќ | |
| 7. | Благоја Стојановски | |
| 8. | Марјанчо Николов | |
| 9. | Ален Георгијев | |
| 10. | Јагода Шахпаска | |
| 11. | Миле Андонов | |
| 12. | Мира Стојчевска | |
| 13. | Хари Локвенец | |
| 14. | Панче Орцев | |
| 15. | Бетиане Китев | |
| 16. | Сашо Поцков | |
| 17. | Милевка Ѓорѓиева | |
| 18. | Горан Сугарески | |
| 19. | Марјан Даскаловски | |
| 20. | Васко Ковачевски | |
| 21. | Томислав Тунтев | |
| 22. | Биљана Настеска | |
| 23. | Јован Митрески | |
| 24. | Јулијана Силјановска | |
| 25. | Стојко Пауновски | |
| 26. | Горан Мисовски | |
| 27. | Љубомир Јосифовски | |
| 28. | Соња Мираковска | |
| 29. | Горан Милевски | |
| 30. | Дуфе Кукоски | |
| 31. | Енес Ибрахим | |